Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници(Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) ВД Директорот Зоран Михајловски на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола на ден **06.08.2025** година донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас број 616 /2025**

1. За извршител на работното место **Помлад соработник за правни работи** со шифра КДР 0102В04004 во одделение за административна работа, по пат на јавен оглас бр.616/2025 се избира кандидатот ***Благој Станковски***
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време за горенаведеното работно место, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување

**Образложение**

Во врска со јавниот оглас број 616/2025 објавен на ден 26.06.2025 година на веб страницата на Агенција за администрација и во дневните весници „Слободен печат ,, „Вечер ,, и Коха за пополнување на работното место Помлад соработник за правни работи со шифра КДР 0102В04004 во одделение за административна работа -1 извршител.

По однос на јавниот огласот формирана е комисија Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, со решение бр. 10-1563/3 од 07.07.2025 година.

Комисијата спроведе административна селекција за административен службеник и состави записник под број 10-1563/4 од 15.07.2025 година и спроведе испит за административен службеник и состави записник заверен под број 10-1563/6 од 04.08.2025 година.

На ден 05.08.2025 Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави записник заверен под бр. 10-1563/7 од 05.08.2025.

Со спроведената постапка од страна на Комисијата до ВД Директорот е доставена Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидатите со бр. 10-1563/8 од 05.08.2025

Врз основа на предложената Ранг листа и Предлогот за вработување на кандидатите,за работното место Помлад соработник за општи и заеднички работи, ВД директорот на ЈППЈЛП-Битола изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против ова одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата на веб страната на Агенцијата за администрацијата.

Да се достави до:
-архива
-именуваниот
-Агенција за администрација
- одделение за административна работа

ЈППЈЛП Битола
ВД Директор

/Зоран Михајловски/